До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање мислење, со кое се бара мислење дали постои судир на интереси или друга законска пречка во ситуација кога именувано лице кое ја врши функцијата в.д. директор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, претходно има склучено Договор за давање на услуги со ДОО Семос образовен компјутерски центар. Обврските од склучениот договор се од едукативен карактер и се однесуваат на предавања од областа на графичкиот дизајн кои се реализираат по завршување на работното време.
Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година , го издава следното

**М И С Л Е Њ Е**

Со член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено следното:
„(6) Службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено.“

Државната комисија смета дека именуваниот лице спаѓа во категорија на службени лица согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно како именувано лице кое може да остварува приходи предвидени со член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Имено, може да остварува приходи од наставни активности при извршување на предавања од областа на графичкиот дизајн како Изведувач по нарачка и за потребите на Нарачателот согласно склучениот Договор за давање на услуги.

Исто така, Државната комисија укажува и на Начелото на интегритет по што секое службено лице е должно да го почитува при извршувањето на своите јавни овластувања и должности:

Член 4 - Начело на интегритет:

„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.

(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

Член 8 став (7) го утврдува значењето на поимот „интегритет“:

„Под поимот „интегритет“ се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции“.

**Заменик претседател**

**м-р Серветт Демири**